Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 458/0306
07.12.2018 год.
Скопје

07.12.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 декември 2018 година, врз основа на примена жалба од НУ Албански театар - Скопје, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Прилогот на Телевизија „Алсат-М“ не отстапува од професионалните и етички стандарди

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 16 ноември 2018 година, Националната Установа Албански театар – Скопје, поднесе жалба за прилогот насловен „Revizioni zbulon krimet e rikonstruksionit të Teatri Shqiptar (Ревизија го открива реконструирањето на Албанскиот театар), објавен во албанската редакција, односно „Криминал во Албанскиот театар?“ во македонската редакција на телевизија „Алсат-М (www.alsat-m.tv), емитуван на 15 ноември 2018 година.

Во жалбата се наведува дека прилогот, емитуван во вестите на Алсат-М во 16, 19 и 23 часот, како и текстот, објавен на интернет порталот на телевизијата, содржат неточно и нефер известување, навреда и клевета и дека не е застапена втора страна.

Подносителот на жалбата посочува дека „Алсат-М“, уште од 2015 година, објавувал прилози за текот на проектот на реконструкција, санација и адаптација на НУ Албански театар – Скопје и оти поголем дел од нив, содржеле навреда и клевета за злоупотреба на милионски суми, без да се побара втора страна од театарот.

*„Ги контактиравме и новинарите, кои работеа на прилозите и уредниците на дневните вести, и им ја понудивме на увид целосната документација, од која можеа да се уверат дека нивното известување не содржи точни и вистинити информации“,* наведуваат од НУ Албански театар – Скопје во поднесената претставка, во која, меѓу другото, велат дека Алсат-М, продолжил да објавува информации за наводен криминал на раководството на Театарот без никакви факти.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „Алсат-М“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Од „Алсат-М“ сметаат дека содржината на поднесената жалба е неоснована и тенденциозна, зашто како што појаснуваат, во оспорениот прилог, била пренесена само изјава на раководното лице на „Транспаренси Интернешанел“, Слаѓана Тасева, која ја изработила анализата по барање на Министерството за култура. Од Алсат-М посочуваат дека авторот на новинарскиот извештај само ја пренесува содржината на извештајот без да носи свои заклучоци или коментари.

*„Пренесените ставови во никој случај не можат да се оквалификуваат како обид за навреда и клевета, а насловот на „спорниот“ извештај е во рамки на новинарски стандарди, во прашална форма. Во последниот дел од текстот пренесен е и ставот на Албанскиот театар дека зградата ќе биде готова до крајот на годинава.* Документот

*јавно беше објавен следниот ден, непосредно пред вестите, и поради тоа што немавме време да ја контактираме втората страна, односно Албанскиот театар, Алсат воопшто не објави ваков материјал во вестите во 16 часот. Сепак, во тие вести објавивме целосна реакција на театарот, која се однесуваше на материјалот од претходниот ден, а потоа, и наш коментар. Во вестите во 19 и 23 часот, Алсат го објави прилогот со заклучоците од извештајот и споменатата реакција на театарот, во која, инаку, немаше демант за ниту еден дел од нашиот материјал,* велат од „Алсат-М“ во одговорот на жалбата.

Од „Алсат-М“ додаваат дека во изминатата година, и покрај инсистирањето на медиумот, став за случајот, пред камерата на телевизијата добиле само од лица од надзорот на објектот, но не и од првите луѓе на установата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и дека во прилогот не е прекршен Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 декември 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

При своето одлучување, членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека оспорениот прилог произлегува од јавниот интерес и дека се работи за сериозна истражувачка сторија за реконструкцијата на Албанскиот театар, тема, што медиумот ја обработува три години. Во тој контекст, Комисијата се согласи дека јавните институции, во случајов, Албанскиот театар, кој е предмет на анализа на телевизијата, подлежи на јавен надзор и не смее да бидат изземен од теми, за кои, јавноста има право да биде информирана.

Обработката на прилогот се базира на ревизорски извештај, чии детали, се пренесени од релевантен соговорник, г-ѓата Слаѓана Тасева, која ја изработила анализата по барање на Министерството за култура.

Во однос на насловот на прилогот, „Криминал во Албанскиот театар?“, Комисијата заклучи дека тој, не излегува од рамките на новинарските стандарди, зашто медиумот, има доволно аргументи да постави реален сомнеж.

Според член 1 од Кодексот на новинарите, новинарот може да објави нешто за кое што нема доволно докази, а за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи, кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да има конкретен доказ за вистинитоста.

Во однос на наводите на жалителот дека „Алсат-М“ не побарал „втора страна“, Комисијата, по долга и полемична расправа, изгради став дека во случајов, медиумот можел, но немал обврска да побара мислење и од Албанскиот театар.

Ваквата одлука, Комисијата ја базира на фактот дека авторот пренесува информација од ревизорски извештај и оти се работи за новинарски серијал - вест во низа, за која телевизијата повеќе пати побарала и добила „втора страна“ од Албанскиот театар. Ова уште повеќе, што споменатата институција, која сега забележува дека не била контактирана, претходно, во неколку наврати, одбивала да даде изјава за нејзината работа. Ваквата постапка, Комисијата ја констатираше и во содржината на еден од прилозите на Алсат-М, објавен во јануари 2018 година, под наслов „Албански театар, новата градежна фирма, поврзана со старата што банкротираше“:

***„Алсат М, уште вчера им понуди на надлежните во Албанскиот театар во камера да го објаснат последниот договор. Понудата беше одбиена. Од Министерството за култура посочија дека театарот е национална установа која сама потпишува договори, а тие само ги обезбедуваат парите“.*** (21 Јануари 2018 / 15:18) [1]

При своето одлучување, Комисијата го зеде предвид и фактот дека медиумот, ден по емитувањето на прилогот, објавил и реакција од Албанскиот театар на истата содржина, во три блока од информативните изданија. Со тоа, медиумот покажал чувство на морална одговорност и го заштитил својот интегритет, но и интегритетот на новинарот.

Оттука, Комисијата не најде доволно елементи дека прилогот на „Алсат-М“ содржи неточно и нефер известување и се согласи дека во текстот се испочитувани професионалните и етичките стандарди, вклучително и членовите од Кодексот на новинарите, што се во корелација со темата што се обработува:

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 2:*** *Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, тој има право за тоа да ја информира јавноста“.*

---

[1] https://www.alsat-m.tv/mk/%D0%B0%D0%BB%D0%B1%D0%B0%D0%BD%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D1%82%D0%B5%D0%B0%D1%82%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%B6%D0%BD%D0%B0-%D1%84%D0%B8%D1%80%D0%BC/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***Член 3:** „Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, деманти и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата".*

***Член 4:** Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".*

**Забелешка:**

Комисијата забележа, а во оваа прилика ѝ препорачува на Телевизија „Алсат-М", во иднина да внимава на преводот на насловите од текстовите. Во дадениов случај, има два прилога, со идентична содржина (на македонски и албански јазик), но со целосно различни наслови. „Revizioni zbulon krimet e rikonstruksionit të Teatri Shqiptar (**Ревизија го открива реконструирањето на Албанскиот театар**), е насловен текстот на албанската редакција, додека **„Криминал во Албанскиот театар?"**, текстот на македонската редакција на Телевизијата.

Преводот треба да биде веродостоен на оригиналот, бидејќи од едниот наслов се добива еден, од другиот, сосема поинаков впечаток. Ова уште повеќе, што станува збор за еден ист медиум, кој мора да го почитува принципот на единствена уредувачка политика, во правец на тоа, да не се создаваат две вистини за еден ист настан.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „Алсат-М" (www.alsat-m.tv), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595